У-6.бр.1312/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Тања Терзиева - претседател на советот, Газменд Фејзуљи и Елизабета Васкова- членови на советот, со записничар Роланда Доко - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Трговско друштво за машиноградба и посредување во прометот ССА ДООЕЛ Благуна експорт-импорт Скопје, изјавена преку полномошник Наташа Столеска, адвокат од Скопје, против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-601/5 од 01.07.2020 година, на седницата на советот одржана на ден 17.09.2021 година согласно член 59 од Законот за управните спорови, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Трговско друштво за машиноградба и посредување во прометот ССА ДООЕЛ Благуна експорт-импорт Скопје, изјавена против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-601/5 од 01.07.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-601/5 од 01.07.2020 година, со кое е уважена жалбата на сега тужителот, и тоа само во став 3 од изреката на решението по одлуката за трошоците на постапката каде секоја странка ги сноси трошоците на постапката со предлог, судот да го усвои тужбеното барање на тужителот како основано, и да го поништи оспореното решение во став 3 на решението, и да го задолжи Јавното сообраќајно претпријатие Скопје да му ги надомести трошоците на тужителот во износ од 250,00 денари на име административна такса 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка и 13.000,00 денари за адвокатски трошоци.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана кон наводите на оспореното решение со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 166 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), став (1) Во постапката пред Државната комисија секоја странка предходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија, став (2) Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ , на кого и во кој рок мора да се платат, став (3) Барањето за надомест на трошоците во жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението, (4) Странката која ја покренала постапката, а на чија штета

постапката е завршена, е должна на спротивната страна да и ги надомести оправданите трошоци за постапката, (5) Во случај на поврекување или отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата е должен на договориниот орган да му ги надомести оправданите трошоци на постапката, (6) Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата, (7) Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Од списите по предметот произлегува дека, со оспореното решение означено во изреката на пресудата ,под точка 1. Жалбата на жалителот ССА Благуна ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 10.06.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 07171/2020 за набавка стоки-ремени за автобуси и минибуси на договорниот орган Јавно сообраќајно претпријатие Скопје делумно е усвоена, под точка 2. Се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда од 10.06.2020 година и постапката за јавна набавка донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 07171/2020 за набавка на стоки-ремени за автобуси и минибуси на договорниот орган Јавно сообраќајно претпријатие Скопје и под точка 3. Секоја странка ги сноси трошоците на постапката.

Против вака донесеното решение жалителот-сега тужителот, со тужбата го оспори решението само во став 3 од изреката, во делот на одлуката за трошоци на постапката поради .погрешна примена на материјалното право, бидејќи тужителот делумно успеал во жалбата поради што тужениот орган согласно член 166 став 6 од Законот за јавни набавки требало да му ги признае трошоците пропорционално со усвојување на жалбата.

Имено, Судот наоѓа дека во конкретниот случај тужениот орган,, донел правилна и законита одлука во однос на трошоците на постапката, од причина што согласно член 166 став 6 од Законот за јавните набавки, во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата. Во конкретниот случај, со оглед дека тужениот орган постапувал по жалбата и жалбените наводина тужителот, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, и одредени жалбени наводи на тужителот ги одбил како неосновани а одредени жалбени наводи кои се однесувале на тендерската документација биле оценети како задоцнети, тужениот орган согласно член 166 став 6 од Законот за јавните набавки одлучил секоја странка да ги сноси трошоците на постапката.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот, но ги одби како неосновани имајќи го предвид погоре наведеното и цитираните законски одредби.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, судот Барањето за надомест на трошоците на постапката, го одби како неосновано.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 38 став 1 точка 2 и член 59 од Законот за управните спорови .

Пресудено во Управен суд на ден 17.09.2021 година, под У-6.бр.1312/2020.

Записничар – судски соработник
Роланда Доко

Претседател на совет - Судија
м-р Тања Терзиева

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката, примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБСРМ, сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужител-полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
м-р Тања Терзиева

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4